*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-5376/8*
*31.10.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50, став 8 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање на стручна комисија за постапување по спроведена Јавна анкета и јавна презентација за Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип** (плански опфат: на запад по осовина на улица „Кирил и Методиј" и дел од улица „Иво Лола –Рибар", на север по осовина на улица „Иво Лола - Рибар", на исток по осовина на улица „Стојан Рибата" и дел од улица „Вера Цирившри - Трена" и на југ по осовина на дел од река „Отиња" Општина Штип)

Член 1

Се формира стручна Комисија за **Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип** (плански опфат: на запад по осовина на улица „Кирил и Методиј" и дел од улица „Иво Лола –Рибар", на север по осовина на улица „Иво Лола - Рибар", на исток по осовина на улица „Стојан Рибата" и дел од улица „Вера Цирившри - Трена" и на југ по осовина на дел од река „Отиња" Општина Штип), во следниот состав:

1. Лидија Глигорова Јанкова, диа-претседател на Комисија за урбанизам
2. Трајче Грков, дипл. инж. арх. -претставник на изработувачот на планот ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ" КАВАДАРЦИ бр. на Овластување 0 0020
3. Викторија Атанасова, диа-стручен работник од областа на урбанистичко планирање, бр на Овластување 0 0472

Член 2

Комисијата има задача да изготви Извештај од спроведената јавна презентација и јавната анкета



Scanned with CamScanner

Член 3

Извештајот од јавната анкета и јавната презентација треба да содржи образложение за прифатените и неприфатените забелешки за горенаведениот ДУП

Член 4

Врз основа на Извештајот комисијата е должна најдоцна во рок од 15 дена, пред доставување на предлог планот за согласност, да го извести писмено секое физичко или правно лице кое поднело анкетен лист со образложение за прифаќање на нивните забелешки

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner